# И З В Е Ш Т А Ј

ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА

ЈП „СТРЕЖЕВО“ - БИТОЛА

ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ

ОД 01.10.2018 ДО 31.12.2018

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „СТРЕЖЕВО“ – БИТОЛА ЗА ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ ВО 2018 ГОДИНА**

---

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
БР. 05-200/1
28.03 2019 ГОД.
БИТОЛА

| Изработиле: | *Раководител на финансии* | *Шеф на сметководство* |
|---|---|---|
| | *Ангелевски Љупчо* | *Грујовска Мимоза* |
| | *дипл.економист* | *дипл.економист* |

Одобрил: *Директор*

*Методија Граматковски д.е.и.*

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "СТРЕЖЕВО" • Битола

Анализирајќи го прегледот на финансиските показатели на ЈП „Стрежево“ - Битола за четвртото тромесечие од 2018 година, споредено со оствареното во четвртото тромесечие од 2017 година, може да се заклучи дека во анализираниот период се вршеше навремена исплата на плати и надоместоци на плати, редовно и навремена исплата на обврски спрема УЈП по основ на ДДВ како и исплата на обврските спрема добавувачите.

Вкупниот приход во четвртото тромесечие во 2018 година изнесува 76.391.595 денари, или споредено со вкупниот приход во четвртото тромесечие од 2017 година покажува намалување за 1,78 индексни поени.

Имено намалувањето на приходите во ова тромесечие главно произлегува од комбинираното влијание на одредени приходи, и тоа:

– значително намалени приходи од воден надомест од индивидуални корисници и од вода за земјоделие од правни лица.

– значително намалени приходи од продадени риби од Рибник и од продадени риби преку Рибарница;

– намалени приходи од закуп за 69,21 индексни поени, поради раскинување на договорот за закуп со закупопримачот;

– намалени се приходите од продадени карти за влезници за риболов;

– значително се зголемени приходите од Јавното комунално претпријатие „Водовод“ – Битола за снабдување со сурова вода за водоснабдување на население, заради зголемена испорака на вода во четвртото тромесечие во 2018 година;

– значително се зголемени и приходите од произведена електрична енергија за 53,36 индексни поени;

– зголемени приходи во четвртото тромесечие во 2018 во однос на 2017 година има и од наплатени судски одлуки и камати;

– зголемени приходи од наплатени отпишани побарувања за 108,95 индексни поени;

Вкупните расходи во четвртото тромесечие од 2018 година изнесуваат 117.794.706 денари, или споредено со вкупните расходи во четвртото тромесечие од 2017 година покажуваат намалување за 0,27 индексни поени. Вкупните расходи без амортизација изнесуваат 50.661.367 денари или за 0,65 индексни поени повисоки од четвртото тромесечие во 2017 година.

**Анализа на пооделни трошоци**

**400 Трошоци за суровини и материјали за производство**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 51,59 индексни поени, како резултат на зголемени трошоци за потрошени суровини и материјали.

**401 Трошоци за материјали за управа**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 31,96 индексни поени, и тоа трошоци за униформи, како и кај останат потрошен материјал за управа има значително зголемување.

**402 Трошоци за енергија за производство**

Кај ова конто има зголемување за 17,45 индексни поени што произлегува од значително зголемени трошоци за дрва за огрев и потрошени моторни масла за производство.

**403 Трошоци за енергија за управа**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 26,76 индексни поени, итоа кај трошоци за потрошена електрична енергија и за потрошено масло за ложење.

**404 Трошоци за резервни делови и материјали за одржување во производство**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 66,66 индексни поени кај аналитичките позиции што се однесуваат на резервни делови за градежни машини, кај резервни делови за производство и кај резервните делови за патнички возила.

**405 Трошоци за резервни делови и материјали за одржување за управа**

Кај ова конто има значително намалување на трошоците, и тоа во делот на трошоците за резервни делови за возила за управа.

**407 Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми за производство**

Кај ова конто има намалување на трошоците, кое произлегува од намалени трошоци за отпис авто гуми во делот на производството, а зголемени трошоци за ситен инвентар.

**408 Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми за администрација**

Кај ова конто нема значителен промет.

**410 Транспортни услуги**

Кај ова конто главно нема промет, освен во случаите кога се ангажира специфично транспортно средство за пренос на цевки со поголеми димензии, кои самото претпријатие не е во можност да го изврши.

**411 Трошоци за Поштенски, телефонски и интернет услуги**

Кај ова конто има намалување за 3,11 индексни поени што произлегува од комбинираното влијание на зголемените трошоци за мобилната и фиксната телефонија, а воедно има намалување на трошоците за поштенски услуги и интернет услугите.

**412 Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги**

Кај ова конто нема промет за ова тромесечие во 2018 година.

**413 Услуги за одржување и заштита**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 118,48 индексни поени, итоа кај трошоците за услуги за тековно одржување на недвижности и опрема и во делот за одржување и сервис на моторни возила.

**414 Трошоци за наем - лизинг**

Кај ова конто има незначително зголемување на трошоците во делот на наемнини за недвижности и наем на опрема.

**415 Комунални услуги**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 39,43 индексни поени, глвно е резултат на трошоците за ветеринарни и санитарни услуги, во делот на трошоците за вода и трошоците за изнесување и собирање на смет.

**417 Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми**

Кај ова конто има значително зголемување на трошоците заради прослава на јубилеј – 40 години од формирањето на претпријатието.

**419 Останати услуги**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 49,91 индексни поени, итоа во најголем дел кај трошоците за огласи и соопштенија.

**420 и 421 Плати и надоместоци на плати во производство и управа**

На контото 420 – плати и надоместоци на плати во производство има намалување на трошоците за 2,07 индексни поени заради намалена исплата за прекувремени саати, додека на конто 421 – трошоците за плати и надоместоци на плати во управа има зголемување за 12,12 индексни поени во четвртото тромесечие од 2018 година, заради пополнување на одредени позиции со нови вработени.

**422 Останати трошоци на вработените**

На ова конто во четвртото тромесечие во 2018 година има значително зголемување на трошоците заради исплатата на регрес за годишен одмор (К-15) за вработените кои го исполнија условот покасно.

**430 и 432 – Трошоци за амортизација за производство и администрација**

На конто 430 трошоците за амортизација за производство и на конто 432 тршоци за амортизација за администрација покажуваат намалување заради целосен отпис на одредени амортизациони групи.

**439 Останати долгорочни резервирања за трошоци и ризици**

На ова конто е прокнижен износ согласно мислењето од ревизорот за резервирање за трошоци и ризици од неизвесен судски спор со ЗК Пелагонија.

**440 Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци**

Кај ова синтетичко конто има зголемување на трошоците за 100,93 индексни поени, итоа главно во делот на дневници во земјата. Дневници и патни трошоци во странство во ова тромесечие нема.

**441 Надомест на трошоци за вработени**

Кај ова синтетичко конто има зголемување на трошоците, итоа за трошоците за задолжителни систематски прегледи.

**442 Трошоци за надомест и други примања на членови на УО и НО**

Кај трошоците за надомест и други примања на членови на Управен и Надзорен одбор во четвртото тромесечие од 2018 година има зголемување за 29,49 индексни поени во однос на трошоците од четвртото тромесечие во 2017 година, поради целосно комплетирање на органите на управување на претпријатието.

**443 Трошоци за спонзорства и донации**

Кај ова конто има зголемување. Зголемувањето се однесува на трошоците за спонзорства и трошоците за дадена помош.

**444 Трошоци за репрезентација**

Кај ова конто има зголемување на трошоците.

**445 Трошоци за осигурување**

Кај ова конто во четвртото тромесечие во 2018 година има намалување на трошоците за осигурување во однос на трошоците во чевртото тромесечие од 2017 година за 4,58 индексни поени, согласно склучениот договор за јавна набавка и динамиката на пристигнатите фактури.

**446 Банкарски услуги и трошоци за платен прометпровизии**

Кај ова конто има зголемување за 9,24 индексни поени што зависи од бројот на финансиските трансакции во соодветниот период.

**447 Даноци кои не зависат од резултатот и останати трошоци**

Кај ова конто има значително намалување на трошоците итоа во делот на судските такси.

**448 Трошоци за користење на права**

Во овој период во 2018 година нема трошок на ова конто.

**449 Останати трошоци на работењето**

Кај ова конто има намалување на трошоците за 28,96 индексни поени, кое произлегува главно од намалувањето на трошоците за интелектуални услуги, трошоците по договор за дело, трошоци за вештачење, трошоци за весници и списанија и трошоци за порибување. Додека во делот на трошоците за нотарски услуги, трошоци за извршители има зголемување на трошоците во четвртото тромесечие во 2018 година.

**452 Вредносно усогласување на вложување во недвижности.**

Ова тромесечие нема трошок на ова конто.

**455 Вредносно усогласување на побарувањата**

На ова конто има зголемување на трошоците заради вредносно усогласување за ненаплатени побарувања поради стечај и ликвидација на правни лица - купувачи.

**464 Кусоци, кало, растур, расипување и кршење**

Кај ова конто има зголемување на трошоците за 37,16 индексни поени во делот на работењето на Рибникот, поради зголемена смртност на риби.

**468 Надомест на штети**

Кај ова конто има намалување за 18,97 индекси поени за намалени штети кон водокорисниците и намалена исплата на штетите.

**474 Камати од работењето**

Кај ова конто има зголемување на трошоците кои се во апсолутна вредност незначителни, и главно се однесуваат на камати по судски решенија и во делот на камати по обврски кон добавувачите.

**700 Расходи врз основа на продадени производи и услуги**

Кај ова конто има намалување на расходите.

**701 Набавна вредност на продадени стоки**

Кај ова конто има намалување на расходите за 54,33 индексни поени, како резултат на намалени расходи за набавна вредност на продадени риби од

Рибарница што е резултат на соодветно намалување на продажбата на риби преку Рибарница.

**703 Набавна вредност на продадени материјали**

На ова конто нема промет.

Од прегледот за остварените финансиски показатели за четвртото тромесечие за 2017 и 2018 година произлегува дека вкупните неизмирени обврски се намалени за 24,91 индексни поени, или кон добавувачите има намалени обврски за 39,45 индексни поени, намалени обврски за ДДВ за 10,68 индексни поени, намалени обврски за надомест за користење на вода, како и намалени обврски кон вработените.

Вкупните побарувања од купувачите се намалени за 39,70 индексни поени. Ова намалување претежно се однесува на намалени побарувања од Земјоделскиот комбинат „Пелагонија" од Битола, и намалени побарувања од продадени риби, и останати побарувања за извршени услуги, додека во делот на побарувањата за произведена електрична енергија има зголемување на побарувањата.

Вкупната состојба на жиро сметките на крајот на ова тромесечие е поволна и изнесува 55.421.578 денари.

Бројот на лицата вработени на неопределено време е зголемен за 1,75 индексни поени.

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА 2017 И 2018 И ПЛАНИРАНИ ЗА 2018 ЗА IV ТРОМЕСЕЧИЕ

| Конто | Опис | Планирано 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2018 | Индекс на оств. / план. за 2018 год. | Индекс на остварено 2018 / 2017 | Образлож. забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. |
| | **1.Вкупно приходи** | **73.176.872** | **77.778.028** | **76.391.595** | **100,00%** | **104,39** | **98,22** | |
| 740 | Приходи од продажба на производи и услуги | 66.590.524 | 70.767.830 | 63.021.639 | 82,50% | 94,64 | 89,05 | |
| 743 | Прих.од прод.на матер.рез.дел. и отпадоци | 52.229 | | | | | | |
| 745 | Приходи од употреба на сопст.добра и услуги | 201.298 | 178.772 | 203.175 | 0,27% | 100,93 | 113,65 | |
| 747 | Приходи од закуп | 72.720 | 236.205 | 72.720 | 0,10% | 100,00 | 30,79 | |
| 749 | Останати приходи од продажба | 61 | | 966 | 0,00% | 1.583,61 | | |
| 760 | Добивки од прод.на немат.и мат.средства | 17.140 | | | | | | |
| 764 | Вишоци | 961 | 50 | 5.487 | 0,01% | 570,76 | 11.084,85 | |
| 765 | Приходи од наплатени отпиш.побарувања | 64.604 | 15.322 | 32.015 | 0,04% | 49,56 | 208,95 | |
| 767 | Приходи од премии,субв.дотации и донации | 4.177.781 | 3.648.053 | 3.489.029 | 4,57% | 83,51 | 95,64 | |
| 769 | Останати приходи од работењето | 1.946.052 | 2.920.564 | 7.535.844 | 9,86% | 387,24 | 258,03 | |
| 774 | Приходи од камати од работењето | 53.502 | 11.233 | 1.817.452 | 2,38% | 3.396,99 | 16.179,58 | |
| 775 | Приходи од курсни разлики од работењето | | | | | | | |
| 776 | Приходи од вложувања - дивиденди | | | | | | | |
| 777 | Нерализирани добивки од финан средства | | | 213.268 | 0,28% | | | |
| | **2.Вкупно расходи** | **117.414.591** | **118.119.378** | **117.794.706** | **100,00%** | **100,32** | **99,73** | |
| | **2.Вкупно расходи - без амортизација** | **50.092.151** | **50.334.283** | **50.661.367** | | **101,14** | **100,65** | |
| 400 | Трошоци за суровини и материјали за п-во | 145.369 | 655.380 | 993.506 | 0,84% | 683,44 | 151,59 | |
| 401 | Трошоци за материјали за администрација | 128.592 | 180.099 | 237.662 | 0,20% | 184,82 | 131,96 | |
| 402 | Трошоци за енергија за производство | 1.589.251 | 1.421.776 | 1.669.810 | 1,42% | 105,07 | 117,45 | |
| 403 | Трошоци за енергија за администрација | 547.969 | 497.674 | 630.845 | 0,54% | 115,12 | 126,76 | |
| 404 | Трош. за рез. дел. и матер. за одрж. за п-во | 501.778 | 259.934 | 433.218 | 0,37% | 86,34 | 166,66 | |
| 405 | Трош. за рез. дел. и матер. за одрж. за админ. | 38.453 | 43.226 | 3.581 | 0,00% | 9,31 | 8,28 | |
| 407 | Трош. за сит. инв. амбал. и автогуми за п-во | 281.836 | 246.507 | 226.988 | 0,19% | 80,54 | 92,08 | |
| 408 | Трош. за сит. инв. амбал. и автогуми за админ. | 7.467 | 8.826 | 38.114 | 0,03% | 510,43 | 431,84 | |
| 410 | Транспортни услуги | 690 | | | | | | |
| 411 | Поштенски,телефон.и интернет услуги | 405.393 | 403.681 | 391.142 | 0,33% | 96,48 | 96,89 | |
| 412 | Надв.услуги за израб.на добра и изврш.усл. | 7.304 | 14.865 | | | | | |
| 413 | Услуги за одржување и заштита | 622.455 | 454.287 | 992.515 | 0,84% | 159,45 | 218,48 | |
| 414 | Наем - лизинг | 42.677 | 55.992 | 56.576 | 0,05% | 132,57 | 101,04 | |
| 415 | Комунални услуги | 143.991 | 134.334 | 187.304 | 0,16% | 130,08 | 139,43 | |
| 417 | Трош.за реклама,пропаг.пром.саеми | 104.449 | 23.500 | 175.205 | 0,15% | 167,74 | 745,55 | |
| 419 | Останати услуги | 94.051 | 90.566 | 45.363 | 0,04% | 48,23 | 50,09 | |
| 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 26.149.341 | 20.839.807 | 20.409.428 | 17,33% | 78,05 | 97,93 | |
| 421 | Плата и надоместоци на плата за админ. | 8.797.644 | 8.684.135 | 9.737.076 | 8,27% | 110,68 | 112,12 | |

| Конто | Опис | Планирано 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2018 | Индекс на оств. / план. за 2018 год. | Индекс на остварено 2018 / 2017 | Образлож. забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 524.892 | 167.472 | 396.242 | 0,34% | 75,49 | 236,60 | |
| 430 | Трошоци за амортизација за п-во | 66.952.907 | 67.434.546 | 67.049.714 | 56,92% | 100,14 | 99,43 | |
| 431 | Трошоци за амортизација на биол.средства | | | | | | | |
| 432 | Трошоци за амортизација за админ. | 369.534 | 350.549 | 83.626 | 0,07% | 22,63 | 23,86 | |
| 439 | Останати долгор.резервир.за трош.и ризици | | | 6.000.000 | 5,09% | | | |
| 440 | Дневници за služб.пат.ноќев.и патни трош. | 94.511 | 85.475 | 171.743 | 0,15% | 181,72 | 200,93 | |
| 441 | Надомест на трошоци на вработени | 178.875 | 199.627 | 209.801 | 0,18% | 117,29 | 105,10 | |
| 442 | Трош.за надом.и др.прим.на чл.на У.О. и Н.О. | 548.720 | 370.677 | 479.994 | 0,41% | 87,48 | 129,49 | |
| 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 373.221 | 143.677 | 415.910 | 0,35% | 111,44 | 289,48 | |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 69.830 | 88.110 | 193.347 | 0,16% | 276,88 | 219,44 | |
| 445 | Трошоци за осигурување | 1.074.452 | 1.013.767 | 967.320 | 0,82% | 90,03 | 95,42 | |
| 446 | Банкарски услуги и трош.за платен промет | 61.302 | 50.014 | 54.635 | 0,05% | 89,12 | 109,24 | |
| 447 | Дан.кои не зависат од резулт.член.и др. | 299.783 | 323.458 | 168.115 | 0,14% | 56,08 | 51,97 | |
| 448 | Трошоци за користење на права | 136.993 | 248.209 | | | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 1.490.735 | 1.608.088 | 1.142.319 | 0,97% | 76,63 | 71,04 | |
| 451 | Вредн.усоглас.на материјални средства | | | 7.292 | 0,01% | | | |
| 452 | Вредн.усоглас.на вложувања во недвижности | | 5.062.522 | | | | | |
| 455 | Вредн.усоглас.на краткор.побарувања | 515.000 | 583.738 | 2.543.217 | 2,16% | 493,83 | 435,68 | |
| 460 | Загуба од расход.на матер.средства | | | | | | | |
| 464 | Кусоци, кало, растур, расип.и кршење | 548.600 | 380.638 | 522.101 | 0,44% | 95,17 | 137,16 | |
| 466 | Расход од отпис на побарувања | | | | | | | |
| 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | 1.251.670 | 1.844.408 | 1.494.481 | 1,27% | 119,40 | 81,03 | |
| 469 | Останати расходи од работењето | | | | | | | |
| 474 | Расходи за камати од работење | 327 | 954 | 1.910 | 0,00% | 584,58 | 200,21 | |
| 4 | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | |
| 700 | Расходи на продадени производи и услуги | 2.081.537 | 2.925.230 | -894.207 | -0,76% | -42,96 | -30,57 | |
| 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 1.232.991 | 1.223.631 | 558.815 | 0,47% | 45,32 | 45,67 | |
| 703 | Набавна вредност на продад. материјали | | | | | | | |
| | **3.Финансиски резултат (Добивка/Загуба)** | **-44.237.719** | **-40.341.350** | **-41.403.111** | | **93,59** | **102,63** | |
| | **3.Финан.резултат (Доб./Заг.) - без амор.** | **23.084.721** | **27.443.745** | **25.730.229** | | **111,46** | **93,76** | |
| | | | | | | | | |
| | **4.Вкупни неизмирени обврски** | | **23.359.484** | **17.540.060** | **100,00%** | | **75,09** | |
| 4.1 | Обврски кон добавувачи | | 12.699.677 | 7.690.111 | 43,84% | | 60,55 | |
| 4.2 | Обврски за нефактурисани стоки | | 132.053 | 133.203 | 0,76% | | 100,87 | |
| 4.3 | Обврски за данок од добивка | | | | | | | |
| 4.4 | Обврски за ДДВ | | 5.429.235 | 4.849.460 | 27,65% | | 89,32 | |

| Конто | Опис | Планирано 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа 2018 | Индекс на оств. / план. за 2018 год. | Индекс на остварено 2018 / 2017 | Образлож. забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. | IV тромес. |
| 4.5 | Обврски по судски решенија | | | | | | | |
| 4.6 | Обврски за надомест за користење на вода | | 170.310 | 32.261 | 0,18% | | 18,94 | |
| 4.7 | Обврски кон вработени | | 4.928.209 | 4.835.025 | 27,57% | | 98,11 | |
| | **5.Вкупни ненаплатени побарувања** | | **111.894.750** | **67.476.838** | **100,00%** | | **60,30** | |
| 5.1 | Побарувања од продадени риби | | 5.335.033 | 1.511.854 | 2,24% | | 28,34 | |
| 5.2 | Побарувања од угостителски услуги | | | | | | | |
| 5.3 | Побарувања од ел.енергија | | 660.333 | 1.227.500 | 1,82% | | 185,89 | |
| 5.4 | Побарувања од вода | | 105.388.477 | 64.683.476 | 95,86% | | 61,38 | |
| 5.5 | Други побарувања - извршени услуги | | 510.907 | 54.008 | 0,08% | | 10,57 | |
| | **6.состојба на жиро сметки** | | **5.925.179** | **55.421.578** | | | **935,36** | |
| | **7.Вкупен број на вработени лица** | | **241** | **242** | **100,00%** | | **100,41** | |
| 7.1 | Број на лица вработени на неопредел.време | | 228 | 232 | 95,87% | | 101,75 | |
| 7.2 | Број на привр.враб.лица - дог. за дело | | 13 | 10 | 4,13% | | 76,92 | |
| | **8.Износ на просечно исплатена нето плата** | | **28.937** | **29.199** | | | **100,91** | |

## ТАБЕЛА НА АНАЛИТИЧКИ КОНТА КОИ СЕ СОДРЖАНИ ВО СИНТЕТИЧКИТЕ КОНТА 419 ( ОСТАНАТИ УСЛУГИ ), 422 ( ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ ) И 449 ( ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО ) ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ ВО 2018 ГОДИНА

| Конто | Опис | | | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Индекс на остварено 2018 / 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 419 | Останати услуги | 4190 | Шпедитерски услуги | | | |
| 419 | Останати услуги | 4191 | Геодетски услуги | | | |
| 419 | Останати услуги | 4192 | Регистрација на патн.и тов.возила | 7.040,0 | 5.290,0 | 75,14 |
| 419 | Останати услуги | 4193 | Услуги за користење на автопостојки | 3.036,0 | 3.036,0 | 100,00 |
| 419 | Останати услуги | 4194 | Усл.за контр.на квалитет-атест.добра | | | |
| 419 | Останати услуги | 4196 | Огласи и соопштенија | 67.603,0 | 24.231,0 | 35,84 |
| 419 | Останати услуги | 4197 | Надомест за користење потисен цевковод | | | |
| 419 | Останати услуги | 41997 | Други услуги | 12.887,0 | 12.806,0 | 99,37 |
| 419 | Останати услуги | | | | | |
| 419 | Останати услуги | | | | | |
| **419** | **Вкупно** | | | **90.566,0** | **45.363,0** | **50,09** |
| | | | | | | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4220 | Отпремнина при пензионирање | 137.472,0 | 145.260,0 | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4221 | Испратнина | | | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4222 | Јубилејни награди | | | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4223 | Помош за смрт на работник | 30.000,0 | 15.000,0 | 50,00 |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4224 | Регрес за годишен одмор К-15 | | 168.000,0 | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4229 | Останати трошоци на вработени | | 67.982,0 | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | | | | | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | | | | | |
| **422** | **Вкупно** | | | **167.472,0** | **396.242,0** | **236,60** |
| | | | | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44900 | Интелектуални услуги | 51.050,0 | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44901 | Трошоци по договор за дело | 786.095,0 | 602.031,0 | 76,59 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44902 | Консултански услуги | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44903 | Трош.за ревизија на финан.извештаи | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44904 | Трошоци за вештачење | 46.288,0 | 5.556,0 | 12,00 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44905 | Адвокатски услуги | 370.497,0 | 460.774,0 | 124,37 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44906 | Нотарски услуги | 2.280,0 | 19.550,0 | 857,46 |

| Конто | Опис | | | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Индекс на остварено 2018 / 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44907 | Трошоци на извршители | 19.444,0 | 30.691,0 | 157,84 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44908 | Трошоци по судски решенија | 240,0 | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44909 | Трошоци за проценка на капиталот | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4491 | Трошоци за контрола на квалитет | | 220,0 | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4492 | Весници и списанија | 27.708,0 | 13.365,0 | 48,24 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4493 | Стручна литература | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4494 | Трошоци за лиценци и сертификати | 4.766,0 | 9.960,0 | 208,98 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4495 | Трошоци за ИСО стандард | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4496 | Трошоци за порибување | 299.699,0 | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4497 | Трошоци за медијација | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4498 | Трошоци за волонтерска работа | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44990 | Останати трошоци во работењето | 21,0 | 171,5 | 816,67 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44991 | Останати трошоци - влезници | | | |
| **449** | **Вкупно** | | | **1.608.088,0** | **1.142.318,5** | **71,04** |

СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА

Битола Централа

(организациона единица на Банката)

# ИЗВОД 247

Фах 000070

## ЗА ПРОМЕНИ НА СОСТОЈБАТА НА СРЕДСТВАТА НА СМЕТКАТА НА ДЕН

31.12.2018 ГОДИНА

**ЈП СТРЕЖЕВО Битола**

(назив на имател на сметката)

Тел. 207-816,207-

Факс. 201-833

Битола **500-0000000172-93**

(број на сметката)

даночен број 4002978113467

| претходна состојба | дневен промет | | нова состојба | број на налози | |
|---|---|---|---|---|---|
| | долгува | побарува | | задолжување | одобрување |
| 13,889,062.00 | 2,854,073.00 | 50,640.00 | 11,085,629.00 | 31 | 6 |

## ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДОБРУВАЊЕ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Примивме во корист / на товар на сметката

| Р.бр на нал. | Назив и седиште на примачот - налогодавачот / број на сметката | Депонент на (назив и седиште на банката) | ИЗНОС задолжува | ИЗНОС одобрува | Шифра | цел на дознаката | Повикување на број (задолжување) Повикување на број (одобрување) | Податоци за рекламација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЉУПЧО АНГЕЛЕВСКИ<br>210-5015566009-53 | НЛБ БАНКА АД СКОПЈЕ | 2,312.00 | 0.00 | 100 | 910970311218120000279 8 | 31122018-31122018 | 8743109<br>690421 |
| 2 | Трезор на РМ<br>100-0000000630-95 | Народна Банка на Република Македонија | 257.00 | 0.00 | 100 | 9109703112181200002798 | 31.12.2018-31.12.2018<br>84010301284 71113100 | 8743109<br>690431 |
| 3 | БИТ-АРТ БИТОЛА БИТОЛА<br>290-2000003904-66 | ТТК БАНКА АД Скопје | 6,000.00 | 0.00 | 561 | Уплати за спонзорства | 03-11/154 | 8743109<br>690751 |
| 4 | МИРСАТКОМЕРЦ ВРАНЕШТИЦА<br>270-0487766701-74 | Халк Банка АД Скопје | 353,948.00 | 0.00 | 220 | Плаќање по основ на извршени услуги помеѓу правни субјекти, освен по о | 54/18 | 8743109<br>690761 |
| 5 | Здружение на енергетичари на Македонија-СКОПЈЕ - ЦЕНТАР<br>200-0000126446-21 | Стопанска Банка АД Скопје | 500.00 | 0.00 | 220 | Плаќање по основ на извршени услуги помеѓу правни субјекти, освен по о | 73-115 | 8743109<br>690771 |
| 6 | ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕД СКОПЈЕ<br>100-0000000660-05 | Народна Банка на Република Македонија | 1,000.00 | 0.00 | 0 | ПЛАЌАЊЕ ПО Ф-РА | 0<br>66002000825312872593900 | 8743109<br>690781 |
| 7 | РОБИ ДООЕЛ - ШТИП ШТИП<br>530-0501003862-98 | Охридска Банка АД Скопје | 450.00 | 0.00 | 220 | Плаќање по основ на извршени услуги помеѓу правни субјекти, освен по о | 11-2018<br>11-2018 | 8743109<br>690791 |
| 8 | ПАП-КОМПАНИ ОХРИД ДООЕЛ ОХРИД<br>530-0001000150-33 | Охридска Банка АД Скопје | 155,760.00 | 0.00 | 220 | Плаќање по основ на извршени услуги помеѓу правни субјекти, освен по о | 30-647 | 8743109<br>690801 |
| 9 | КОПЕНС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО СКОПЈЕ СКОПЈЕ-БУТЕЛ<br>200-0000232578-76 | Стопанска Банка АД Скопје | 1,898,400.00 | 0.00 | 200 | Плаќање по основ на промет на производи и стоки помеѓу правните субјек | 192 | 8743109<br>690811 |

Извод број 40 за сметка: 320 1000024678 75 01.01.2019 20:29:02

ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Скопје

**БИТОЛА**

(организациона единица на Банката)

# ИЗВОД 40

## ЗА ПРОМЕНИ НА СОСТОЈБАТА НА СРЕДСТВАТА НА СМЕТКАТА НА ДЕН **31.12.2018**

Валута: **MKD**

Тел: 047207833

Факс. 047207819

БИТОЛА 7000 БУЛЕВАР 1 МАЈ ББ

**320 1000024678 75**

(број на сметката)

**ЈП СТРЕЖЕВО**

(назив на сметката)

Даночен број: 4002978113467

| Предходна состојба од 25.12.2018 | Дневен промет | | Нова состојба | Број налози | |
|---|---|---|---|---|---|
| | долгува | побарува | | задолжување | одобрување |
| **763,853.00** | **400.00** | **32.00** | **763,485.00** | 1 | 1 |

## ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДОБРУВАЊЕ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

Примивме во корист - на товар на сметката

| Р.бр. на нал. | Назив и седиште на примачот- налогодавачот / Број на сметката | Депонент на (назив и седиште на банката) | ИЗНОС Задолжува | ИЗНОС Одобрува | Шифра | цел на дознаката | Повикување на број (задолжување) Повикување на број (одобрување) | Податоци за рекламација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Скопје 320000000005050 | Централна кооперативна банка АД Скопје | **400.00** | **0.00** | 930 | Наплата на достасана провизија по клиентска сметка МК07 3201 0000 2467 875 | | БР-4166501423 |
| 2 | ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД Скопје 320000000005050 | Централна кооперативна банка АД Скопје | **0.00** | **32.00** | 930 | Камата за Трансакциска с-ка во MKD на ЈП СТРЕЖЕВО: 30.12.2018 | | БШ-6196300592 |
| Вкупно за сметката: **320 1000024678 75** Налози: **2** Провизии: **0.00** | | Вкупно | **400.00** | **32.00** | | | | |

# ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД

## ИЗВОД БР. 250

За промените и состојбата на средствата на сметката на ден **31.12.2018** година

Назив на сметка: **СТРЕЖЕВО БИТОЛА**
Сметка: **250-0110004957-95**
Даночен/матичен број : **4002978113467**

| Стара состојба | дневен промет | | | | Нова состојба |
|---|---|---|---|---|---|
| | одливи | | приливи | | |
| 43.636.248,00 | 25 | 399.796,00 | 7 | 336.012,00 | 43.572.464,00 |

## ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДОБРУВАЊЕ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ

| Р.бр. | Назив на примач - налогодавач / Сметка | Банка | Даночен број | Износ одлив | Износ прилив | Шиф | Цел на дознака | Повикување | Рекламација | Провизија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
| 1 | ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД<br>250-9999999999-64 | ШПАРКАСЕ БАНКА<br>100000000025071 | 4030993261735 | 105,00 | 0.00 | 666 | Провизија за исплата | 8001000000<br>1603010000 | | 0.00 |
| 2 | ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД<br>250-9999999999-64 | ШПАРКАСЕ БАНКА<br>100000000025071 | 4030993261735 | 106,00 | 0.00 | 666 | ПРОВИЗИЈА-1159001С/3644 | 1603000031 | СБМФДФ181228. | 0.00 |
| 3 | АНДРОС ДОО ОХРИДОХРИД<br>530-0001000311-35 | Охридска банка<br>100000000053007 | 4020991105099 | 243,00 | 0.00 | 220 | ПЛАЌАЊЕ ПО Ф-РА | 1-1/504736 | Ф002951.250<br>812310302951003 | 15.00 |
| 4 | ШПАРКАСЕ БАНКА - ЗА КАМАТА И ПРОВИЗИЈА ОД<br>250-0000033333-22 | ШПАРКАСЕ БАНКА<br>100000000025071 | 4030993261735 | 330,00 | 0.00 | 666 | 31.12.2018 - Плаќање провизија на банки за услуги во платен промет | 31.12.2018<br>1603010000-5562538 | | 0.00 |
| 5 | ШПАРКАСЕ БАНКА - ЗА КАМАТА И ПРОВИЗИЈА ОД<br>250-0000033333-22 | ШПАРКАСЕ БАНКА<br>100000000025071 | 4030993261735 | 350,00 | 0.00 | 666 | 31.12.2018 - Плаќање провизија на банки за услуги во платен промет | 31.12.2018<br>1603010000-5562538 | | 0.00 |
| 6 | АНДРОС ДОО ОХРИДОХРИД<br>530-0001000311-35 | Охридска банка<br>100000000053007 | 4020991105099 | 675,00 | 0.00 | 200 | ПЛАЌАЊЕ ПО Ф-РА | 1-1/504735 | Ф002951.250<br>812310302951003 | 15.00 |
| 7 | АНДРОС ДОО ОХРИДОХРИД<br>530-0001000311-35 | Охридска банка<br>100000000053007 | 4020991105099 | 787,00 | 0.00 | 200 | ПЛАЌАЊЕ ПО Ф-РА | 1-1/504835 | Ф002951.250<br>812310302951002 | 15.00 |
| 8 | АНДРОС ДОО ОХРИДОХРИД<br>530-0001000311-35 | Охридска банка<br>100000000053007 | 4020991105099 | 969,00 | 0.00 | 200 | ПЛАЌАЊЕ ПО Ф-РА | 1-1/504734 | Ф002951.250<br>812310302951003 | 15.00 |
| 9 | СТРЕЖЕВО БИТОЛАБУЛЕВАР 1-ВИ<br>250-0110004957-95 | ШПАРКАСЕ БАНКА<br>100000000025071 | 4002978113467 | 1.094,00 | 0.00 | 410 | КОМПЕНЗАЦИЈА СОДООЕЛ ИНТЕРКОНУС 2000 Б-ЛА | 12/2018 | | 10.00 |